**Предлагач:** Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИНСПЕКТОРАТ ЗА ДРЖАВНИ ИНСИГНИИ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

С к о п ј е,
мај 2025 година

**Д О:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991) и членовите 139, 144 и чл. 175 од *Деловникот на Собранието на Република С. Македонија*, Ви поднесуваме ***Предлог на Закон за Инспекторат за државни инсигнии, по скратена постапка***.

**Пратеници:**

Димитар Апасиев __________________

Борислав Крмов __________________

Реџеп Исмаил __________________

Јована Мојсоска __________________

Амар Мециновиќ __________________

Сашко Јанчев __________________

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со *Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/1997 и 110/08) регулиран е начинот на употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија и предвидени се прекршочни глоби, меѓутоа истите иако се во правна сила сепак не произведуваат правни дејствија од причина што изоставено е воспоставувањето на надлежен орган кој ќе врши надзор над примената на законот, а со тоа и кој ќе ги изрекува глобите!?

Со *Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2005 и 134/07, 100/11) регулиран е начинот на употреба на знамињата на заедниците кои живеат во Република Македонија, покрај знамето на Република Македонија, со истиот закон предвидени се и парични казни за непочитување на одредбите на законот, меѓутоа изоставено е воспоставување на орган кој ќе ги одмерува и изрекува истите.

И покрај постоечките закони, со кои на јасен начин е воспоставена регулативата за употреба на уставно предвидените државни симболи / инсигнии и јасно предвидените глоби за непочитување на истата, сепак често сме сведоци на непочитување на државноата химна, грб и знаме, особено за време на празнувања и чествувања на државни празници, а сторителите – нарушувајќи го угледот и достоинството на државата, народот, државјаните и граѓаните на Република Македонија – поминуваат несанкционирано. Затоа, потребно е да се воспостави државен инспекциски орган кој ќе ја следи и спроведува на дело соодветната примена на позитивните прописи поврзани со државните симболи, преку кои се изразува припадноста и почитува суверенитетоти територијалниот интегритет на Република Македонија, на македонскиот народ и на припадниците на заедниците, т.е. националните малцинства кои живеат во Макадонија.

Од овие причини се предлага овој посебен Закон за Инспекторат за државни инсигнии, како lex specialis.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлог-законот предвидено е формирање на засебен Испекторат за државни инсигнии кој ќе врши континуиран и ефективен надзор врз правилната

примена на грбот, знамето и химната на Република Македонија и знамињата на заедниците кои живеат во државата, со цел зачувување на угледот и достоинството на Република Македонија и на нејзините граѓани.

Предлог-законот се заснова врз истите начела на кои се засновани: Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија и Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, а со кои се изразува и претставува државно-правниот идентитет на Република Македонија и на заедниците кои живеат во Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот предизвикува финансиски импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон предвидува финансиски импликации за Министерството за правда. Финансиските средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на чл. 175м ст. 1, ал. 1 од *Деловникот на Собранието на Република С. Македонија*, имајќи предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по *Предлогот на Закон за Инспекторат за државни инсигнии* по скратена постапка.

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИНСПЕКТОРАТ ЗА ДРЖАВНИ ИНСИГНИИ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

*Предмет на регулирање*

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат основањето, надлежноста, внатрешната организација и постапките на инспекциски надзор на Инспекторатот за државни инсигнии (во натамошниот текст: Инспекторатот).

*Цел на законот*

**Член 2**

Целта на овој закон е организирање на ефикасен централизиран систем на инспекциски надзор и поставување институционални механизми на ефективна контрола над спроведување на почитувањето на државните симболи и инсигнии (грб, знаме и химна) – поточно следење на правилната, доследна и ефективна примена во секојдневната пракса на одредбите од:

- Законот за грбот на Република Македонија;
- Законот за знамето на Република Македонија;
- Законот за химната на Република Македонија;
- Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија;

и - Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

*Правен статус*

**Член 3**

Работите на инспекцискиот надзор од областа на примената на одредбите од посебните закони наведени во членот 2 ги врши Инспекторатот, како орган во состав на Министерството за правда.

*Супсидијарна примена на други закони*

**Член 4**

(1) Во постапката при вршење инспекциски надзор соодветно ќе се применуваат одредбите и начелата од Законот за постапување по претставки и предлози, Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови – доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Одредбите од Законот за употребата на грбот, знамето и химната на Република Македонија, како и на одредбите од Законот за употреба на знамињата

на заедниците во Република Македонија соодветно се применуваат при вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) При вршењето на инспекцискиот надзор (редовен, вонреден или контролен) соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и ќе се почитуваат правилата и процедурите кои се однесуваат на изготвувањето и доставата на записниците, изречените мерки и правните лекови за заштита на странкарските права.

(4) За прашањата кои се однесуваат на правата и обврските од работен однос на инспекторите и вработените во Инспекторатот; класификацијата на нивните работни места и условите за вработување на инспекторите; нивните звања, лиценци, обуки, службени легитимации и значки – се применуваат одредбите од Законот за инспекциски надзор и од Законот за вработените во јавниот сектор.

(5) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд, согласно Законот за прекршоци.

## II. НАДЛЕЖНОСТ

*Субјети на надзорот*

**Член 5**

(1) Субјекти на инспекцискиот надзор предвидени со овој закон се:

1. државните институции споменати во Уставот;
2. јавните органи на централната власт (законодавна, извршна и судска) – односно Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Претседателот на Република Македонија, судовите, министерствата, органите на државната управа, управните организации утврдени со закон, другите државни органи, како и правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
3. јавните органи на единиците на локалната самоуправа (општините и Градот Скопје);
4. јавните служби и јавните претпријатија;
5. образовните, културните и здравствените установи;
6. медиумите;
7. политичките партии, коморите, синдикатите, здруженијата, фондациите и верските заедници;
8. трговските друштва;
9. други правни лица – при прослава на државни празници; и
10. физичките лица, т.е. граѓаните – на јавни места, како и при приредби, прослави, празници, свечености и други политички, културни, спортски или слични манифестации и јавни собири.

(2) Субјектот на инспекциски надзор е должен да соработува и на барање на инспекторот, кој претходно се легитимирал со службена легитимација, мора да му овозможи непречен пристап и непосреден увид до просториите, документите, електронските системи, средствата за комуникација или транспорт или кое било друго средство-предмет на инспекциски надзор, како и да ја достави целокупната релевантна документација која му е побарана, а е потребна за извршување на конкретниот инспекциски надзор.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА

*Внатрешна структура*

**Член 6**

(1) Инспекторатот работите од својата надлежност ги врши преку:

1. Директор на Инспекторатот (во натамошниот текст: директор);
2. Инспектори за надзор над употребата на државните инсигнии (во натамошниот текст: инспектори); и
3. други вработени во Инспекторатот.

(2) За вршење на определени стручни, административни и помошни работи од надлежност на Инспекторатот се формираат соодветни внатрешни организациони единици (сектори и одделенија).

(3) Директорот на инспекторатот донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места во Инспекторатот.

*Директор на Инспекторатот*

**Член 7**

(1) Со работите на Инспекторатот раководи директор.

(2) Директорот на Инспекторатот го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) Директорот се именува за време од четири години, со право на уште еден повторен избор.

(4) Директорот може да биде разрешен пред истекот на мандатот за кој е именуван, согласно закон.

*Услови за именување директор на Инспекторатот*

**Член 8**

(1) Директорот на Инспекторатот се избира по пат на јавен оглас кој треба да биде објавен во најмалку два дневни весника, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот

што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1. има државјанство на Република Македонија;
2. течно го зборува македонскиот јазик;
3. во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна затвор или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на кулурата, правото, администрацијата или друга соодветна сродна струка;
5. има најмалку шест години работно искуство во струката;
6. поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик: ТОЕФЕЛ ИБТ – најмалку 74 бода; ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода; ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво; ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен; БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 бода; или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2); и
7. поседува потврда за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

*Овластувања на директорот*

**Член 9**

(1) Директорот на Инспекторатот ги врши следниве работи:

1. ја координира и организира работата на Инспекторатот;
2. го претставува и застапува Инспекторатот;
3. презема правни дејствија во име и за сметка на Инспекторатот;
4. обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор;
5. одлучува за правата и обврските на вработените во Инспекторатот;
6. обезбедува услови за стручно усовршување и специјализирана обука на инспекторите;
7. донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работни места во Инспекторатот;
8. донесува програмски и извештајни документи, во согласност со Законот за инспекциски надзор (месечен и годишен план за работа, планови за вработување, извештај за работа и сл.);
9. донесува и други акти за кои е овластен согласно со закон;
10. обезбедува јавност во работењето на Инспекторатот; и
11. врши други работи од надлежност на Инспекторатот, во согласност со закон.

(2) Директорот, во негово отсуство или кога поради болест и други оправдани причини, не е во можност времено да ја извршува функцијата – го заменува еден од раководните инспектори, посебно овластен од директорот.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

*Парични глоби*

**Член 10**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не му дозволи увид и непречен пристап на инспекторот, односно ако не му ги достави бараните документи.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

*Именување на првиот директор*

**Член 11**

Директорот на Инспекторатот го именува Владата на Република Македонија во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

*Почеток со работа на Инспекторатот*

**Член 12**

Инспекторатот започнува со работа од денот на именувањето на директорот на Инспекторатот.

*Подзаконски акти за внатрешна организација*

**Член 13**

Актите за внатрешна организација и систематизација на работните места директорот ќе ги донесе најдоцна 30 дена од денот на неговото именување.

*Влегување во сила*

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
**НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКТОРАТ ЗА ДРЖАВНИ ИНСИГНИИ**

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите на Законот е систематизирана во пет поглавја, со вкупно 14 членови, по следниот редослед:

*I. Општи одредби*
*II. Надлежност*
*III. Организација*
*IV. Прекршочни одредби*
*V. Преодни и завршни одредби*

Во првото поглавје се дефинирани целите на законот и е предвидено формирање на Инспекторат.

Второто поглавје ја определува областа над која Инспекторатот врши инспекциски надзор.

Третото поглавје ја уредува организацијата на Инспекторатот, начинот и условите за избор на Директор, инспектори и други вработени, како и регулирањето на нивниот работен однос.

Четвртото поглавје ги дефинира прекршочните одредби, кои се применуваат во ситуација на констатирани неправилности при вршење на инспекцискиот надзор.

Петото поглавје ги дефинира преодните одредби, кои го определуваат почетокот на работа на инспекторатот, почетокот на важење на законот, како и временскиот период за носење на подзаконските акти.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат единствена и неразделна правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се овозможи правилна и воедначена ефективна примена на одредбите за императивно почитување на државното знаме, грб и химна на територијата на целата држава.